20090290556

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 20 став 3 од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија" бр.71/06 и 117/08), министерот за образование и наука, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА СТРУКТУРАТА, ОРГАНИЗАЦИЈАТА И РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ИСПИТОТ ЗА СТРУЧНА ОСПОСОБЕНОСТ

### Член 1

Со овој правилник се пропишува структурата, организацијата и реализацијата на испитот за стручна оспособеност.

### Член 2

Испитот за стручна оспособеност го спроведуваат регионалните занаетчиски комори, односно стопанските комори.

### Член 3

Испитот за стручна оспособеност за занаетчиски занимања, односно за занимања од стопанство се полага пред комисија за полагање на испит за стручна оспособеност (во натамошниот текст: испитна комисија) во регионалните занаетчиски комори, односно во стопанските комори.

Регионалните занаетчиски комори, односно стопанските комори именуваат испитни комисии за секое занимање или профил за кое се проверува стручна оспособеност.

### Член 4

Испитот за стручна оспособеност се состои од :

- проверка на стручно теоретски знаења, и
- изработка на практична задача.

### Член 5

Испитот за стручна оспособеност се полага пред испитна комисија.

Испитната комисија е составена од претседател, заменик на претседател, два члена и нивни заменици, како и секретар кои се од редот на:

- еден член од регионалната занаетчиска комора, односно од стопанската комора,
- еден член од Центарот за стручно образование и обука, и
- еден член-наставник од установа за стручно образование и обука.

Во отсуство или спреченост на членовите на испитната комисија, испитот го спроведуваат нивните заменици.

Претседателот и заменик на претседателот на испитната комисија е членот од регионалната занаетчиска комора, односно од стопанската комора.

Секретарот го именува регионалната занаетчиска, односно стопанската комора од редот на вработените во стручната служба.

**Член 6**

Членот од регионалната занаетчиска комора за проверка на практичната задача треба да има стекнато мајсторска диплома за соодветното занимање или профил.

Членот од стопанската комора за проверка на практичната задача треба да има соодветно високо образование и работно искуство од најмалку пет години во струката.

Членот на испитната комисија од Центарот за стручно образование и обука за проверка на стручно-теоретските знаења на кандидатите треба да имаат соодветно високо образование и работно искуство од најмалку пет години во воспитно - образовна установа.

Членот – наставник од установата за стручно образование и обука треба да има соодветно високоп образование и работно искуство од најмалку пет години во воспитно - образовна установа.

**Член 7**

Мандатот на членовите на испитната комисија е четири години, со можност за повторно именување.

Членовите на испитната комисија ги именува и разрешува регионалната знаетчиска комора, односно стопанската комора, по претходно добиени предлози од Центарот за стручно образовани и обука и од установите за стручно образование и обука.

**Член 8**

Член на испитната комисија не може да биде:

- обучувач-мајстор кај кој кандидатот се обучувал,
- работодавач кај кој кандидатот е вработен, и
- членови на потесното семејство на кандидатот.

**Член 9**

Испитната комисија ги има следните надлежности:

- ја утврдува исполнетоста на условите на кандидатот за пријавување на испитот,
- ја утврдува листата на пријавени кандидати,
- го утврдува распоредот на полагање на двата дела од испитот,
- го утврдува местото на полагање на испитот за проверка на стручна оспособеност,
- ги утврдува практичните задачи,
- ги утврдува прашањата од стручно-теоретскиот дел,
- го спроведува испитот,
- ги вреднува резултатите и го утврдува успехот од испитот, и
- ја објавува листата на положени, односно неположени кандидати.

За текот на испитот се води записник. Записникот го води секретарот, а го потпишуваат претседателот и членовите на комисијата. Записникот се води на Образец број 2 кој е составен дел од овој правилник.

**Член 10**

Претседателот на испитната комисија ги врши следните работи:
- ги води состаноците на испитната комисија,
- ги потпишува листите за пријавени кандидати,
- го одобрува времето и местото на одржување на испитот,
- го утврдува идентитетот на кандидатите кои го полагаат испитот,
- ја потпишува листата на положени, односно неположени кандидати.

Работите на претседателот на испитната комисија во случај на негова спреченост ги врши неговиот заменик.

**Член 11**

Испитот за стручна оспособеност се полага во шест испитни рока во месеците:
- февруари,
- април,
- јуни,
- август,
- октомври, и
- декември.

Испитната комисија ги определува почетокот и завршетокот на испитните рокови од став 1 на овој член и ги објавува на огласна табла на регионалните занаетчиски комори, односно на стопанските комори.

**Член 12**

Пријавите за полагање на испитот за стручна оспособеност се поднесуваат до регионалните занаетчиски комори, односно до стопанските комори.

Со пријавата кандидатот ги приложува следните документи:
- свидетелство за завршено последна година од основно образование,
- потврда за спроведена обука за стручно оспособување за кое кандидатот се пријавува за полагање на испитот, и
- копија од лична карта или пасош.

Пријава за полагање на испит за стручна оспособеност може да поднесе и кандидат кој нема завршено основно образование, но напоредно со стекнувањето на стручно оспособување кандидатот треба да се стекне и со основно образование.

Пријавата за полагање на испитот за стручна оспособеност се води на Образец број 1 кој е составен дел од овој правилник.

**Член 13**

Испитната комисија ги прима пријавите за полагање на испитот за стручна оспособеност најкасно десет дена пред почетокот на испитниот рок.

По исклучок, за испит за стручна оспособеност можат да се пријават кандидати и дополнително, но не подоцна од три дена пред почетокот на испитот.

**Член 14**

Испитот за стручна оспособеност кандидатот може да го полага во еден испитен рок само еднаш.

**Член 15**

Ако кандидатот го положи стручно-теоретскиот дел од испитот се упатува на изработка на практичната задача. Испитот за стручно - теоретскиот дел се полага усно и не може да трае повеќе од 45 минути.

Практичната задача од испитотот за стручна оспособеност кандидатот ја изработува сам, а изработката не може да трае повеќе од осум часа.

Само членовите на испитната комисија можат да поставуваат прашања на кандидатите.

Доколку кандидатот не го положи практичниот дел од испитот се упатува на поправен испит во наредниот испитен рок.

**Член 16**

За секој дел од испитот кандидатот се оценува со оцена: одличен (5); многу добар (4); добар (3); доволен (2) и недоволен (1). Сите оценки се преодни освен оценката недоволен (1). Највисока оценка е одличен (5).

**Член 17**

Резултатите од испитот за стручна оспособеност ги соопштува претседателот на испитната комисија во присуство на членовите на комисијата, најдоцна осум дена по завршувањето на полагањето на испитот. Истовремено, на огласна табла во регионалната занаетчиска комора, односно стопанската комора се објавуваат резултатите од истиот.

**Член 18**

Ако кандидатот кој полагал испит за стручна оспособеност не е задоволен од оцената има право на приговор во рок од три дена од денот на објавувањето на резултатите на огласната табла во регионалната занаетчиска комора, односно стопанската комора.

Претседателот на регионалната занаетчиска комора, односно стопанската комора именува комисија за решавање по приговори која се состои од претседател и два члена.

Претседателот и членовите на комисијата од став 2 на овој член треба да имаат стручна подготовка најмалку еднаква на стручната подготовка на кандидатот кој поднел приговор на оцена.

**Член 19**

Кандидатот кој го положил испитот за стручна оспособеност добива уверение за стручна оспособеност кое го издава регионалната занаетчиска комора, односно стопанската комора.

Уверението за стручна оспособеност се издава најкасно во рок од 15 дена од денот на објавувањето на листата на положени, односно неположени кандидати.

Уверението го потпишува претседателот на регионалната занаетчиска комора, односно претседателот на стопанската комора и се заверува со печат од комората.

**Член 20**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-1091/1
13 февруари 2009 година
Скопје

Министер,
**Перо Стојановски,** с.р.

Образец број 1

# ПРИЈАВА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ
# ЗА СТРУЧНА ОСПОСОБЕНОСТ
**во _____________ испитен рок _____ година**

## 1.ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ И МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ НА КАНДИДАТОТ

1.1.Име и презиме _______________________________________

1.2.ЕМБГ |_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|_|

1.3.Дата на раѓање (ден,месец,година)____________________

1.4.Место на раѓање ____________________

1.5.Држава ____________________

1.6.Адреса на живеење ____________________

1.7.Поштенски број________Место ____________________

## 2.ПОДАТОЦИ ЗА ЗАВРШЕНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

2.1. Уверение за минимум завршено
основно образование од
училиште кое го издало ____________________

2.2. Потврда за спроведена обука од
___________________________________________________________

3.3.Се пријавувам за полагање на испит за стручна оспособеност за занимање:

| Делови на испит за стручна оспособеност | Име на самостојниот дел | Потпис на кандидатот |
|---|---|---|
| Проверка на знаење од стручна теорија | Прв дел<br>_________________________<br>_________________________<br>_________________________<br>_________________________<br>_________________________ | |

| | | |
|---|---|---|
| | ______________ ______________ | |
| | ______________ | |
| Проверка на стручна оспособеност Практична задача | Втор дел Назив на задачата: ______________ ______________ ______________ | |

3.4.Во моментот кога го пријавувам испитот за стручна оспособеност имам статус на:

а) вработен
б) невработен

3.5.Испит за стручна оспособеност го полагам по прв пат: Да Не

3.6. Прилог (заокружи):

а) Свидетелство за завршена последна година од основно образование
б) Потврда за спроведена обука за стручно оспособување од
______________________________________________
______________________________________________
в) Доказ за идентификација (лична карта/пасош)

Потпис на кандидатот

______________________

Образец број 2

# З А П И С Н И К
## на испитна комисија за испит за стручна оспособеност

КАНДИДАТ ______________________________________________
(име,име на еден од родителите и презиме на кандидатот)

Полага испит за стручна оспособеност пред испитната комисија во состав:

Проверка на знаење од стручна теорија
1.________________________
2.________________________
3.________________________

Практична задача од соодветно занимање/профил
1.________________________
2.________________________
3.________________________

<table>
<tr><td rowspan="2">Проверка на знаења од стручната теорија<br><br>Датум на полагање<br>________________</td><td colspan="2">Назив на задачата<br>________________________________________<br>________________________________________</td></tr>
<tr><td>Оценка<br>________________</td><td>Потпис на членовите на комисијата:<br>1.________________<br>2.________________<br>3.________________</td></tr>
<tr><td>Проверка на знаења од практичната задача<br><br>Датум на полагање<br>________________</td><td>Оценка<br>________________</td><td>Потпис на членовите на комисијата:<br>1.________________<br>2.________________<br>3.________________</td></tr>
<tr><td colspan="3">Место за забелешка и издвоени мислења<br>________________________________________________________________<br>________________________________________________________________<br>________________________________________________________________<br>________________________________________________________________</td></tr>
</table>

Претседател
____________________

Испитна комисија,
1.____________________
2.____________________

М.П.